ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-4357/9
Дата, Data 17-06-2026
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), в.д Директорот на ЈП Водовод и канализација донесува:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 05/2026**

За извршител на работно место:

1. Самостоен референт за продажба, во Одделение за наплата- стопанство, во Сектор Наплата, со шифра КДР0102Г01033, ниво Г01, 1 (еден) извршител, се избира кандидатот:

   **Христина Мишевска**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од став 1 на оваа Одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на Одлуката, за што ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 03.06.2026 година на веб страната на ЈП Водовод и канализација- Скопје и веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен оглас за пополнување на работното место: Самостоен референт за продажба, во Одделение за наплата- стопанство, во Сектор Наплата, со шифра КДР0102Г01033, ниво Г01, 1 (еден) извршител, со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.0401-4387/6 од 12.06.2026 година, по спроведена административна селекција и разгледување на пријавите и изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати констатира дека на интерниот огласот вкупно е пријавен 1(еден) кандидат со пријава со арх.бр.0401-4357/4 од 04.06.2026 година доставена од административниот службеник Христина Мишевска која е уредна, и за тоа состави Записник од административна селекција бр. 0401-4357/7 од 16.06.2026 година кој го достави до в.д Директорот.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник по спроведеното интервју со кандидатот, изготви и достави до в.д Директорот финална ранг листа бр. 0401-4357/8 од 16.06.2026 година.

Врз основа на финалната ранг листа, в.д Директорот изврши избор како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од објавување на Одлуката на web страната.

**Доставено до:**
-Сектор за човечки ресурси;
-Архивата;
-Именуваните;
-Архива на директорот

ЈП Водовод и канализација – Скопје
в.д Директор
м-р Иван Митровски

Изработил: Весна Богеска Јарева
Контролирал: Убавка Бачева